РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: 29.04.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | | Прилог: | Вредност: |
| 24 | 513/1 | | |

Архивски знак
Рок на

( Образец ПП……)

До Општина Пробиштип
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10, 42/14, бр.148/15 и бр. 55/16) , од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
- договор за закуп на летна тераса за кафе бар „Црно-бело"
- висина на надоместок за 1m² ; - доказ за платен надоместок за 2020 и 2021 год.
(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: Тони Насевски ул. 11ти Октомври бр. 25/13 Пробиштип
тел. 071 978-926
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
--------------------------------------------------------------------------------------------
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во Пробиштип Датум 28.04.2021 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-513/2
05.05.2021 год.
ПРОБИШТИП

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
Ул.„Јаким Стојковски" бр.1
Тел:032 483 131; факс: 032 483 047
***www.probistip.gov.mk***

---

**ДО**
**Тони Насевски Ул„ 11-ти Октомври бр.25/13, Пробиштип**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на барање;**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер наш бр.24-513/1 од 29.04.2021 година, со кое барате општина Пробиштип да Ви ја достави бараната информација во фотокопија по пошта и тоа:

- Договор за закуп на летна тараса за кафе бар Црно Бело
- Висина на надоместок на 1м2 и
- Доказ за платен надоместок за 2020 и 2021 година

Ве известуваме дека на подрачјето на општина Пробиштип не се склучува договор за закуп на летна тараса , а користењето на просторот пред деловен објект се регулира преку поднесување на Барање за користење на простор пред деловен објект од страна на правно лице до општина Пробиштип.

Со одлука бр.26-592/4 на 20.06.2018 година донесена од Совет на општина Пробиштип, висината на надоместокот за користење на 1м2 пред деловен простор изнесува 5 денари по м2 дневно.

Кафе бар „Црно Бело" односно „Кумини ДООЕЛ" Пробиштип има платено надомест за користење на простор пред деловен објект на градски плоштад на 10.01.2020 година за месец Јануари 2020 година

Во прилог: Извод бр.1 од 10.01.2020 година

Наредните месеци од 2020 и 2021 година „Кумини ДООЕЛ" нема плаќано надомест. Имајки го во предвид фактот дека угостителските објекти долг временски период имаа забрана за работа поради Ковид пандемијата во нашата држава која го зафати и целиот свет, со одлука на Советот на општина Пробиштип бр.26-284/7 од 12.03.2021 година сите правни субјекти се ослободени од плаќање на комунална такса за користење на простор пред деловните објекти, како мерка за справување со штетните економски последици настанати од здравствената криза КОВИД 19.

Изготвил: Анкица Ѓеновска
Одобрил: Јованка Данева

05.05.2021 година
Пробиштип

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-513/3
05.05 2021 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.Весник на РМ бр. 101/19 од 22.05.2019 година) Градоначалникот на Општина Пробиштип го изготви следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за одобрено барање за пристап до информација од јавен карактер

На **Тони Насевски Ул„ 11-ти Октомври бр.25/13, Пробиштип** позитивно му се одобрува барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено во Општина Пробиштип под број 24-513/1 од 29.04.2021 година.

Информацијата содржи:

- Договор за закуп на летна тераса за кафе бар Црно Бело
- Висина на надоместок на 1м2 и
- Доказ за платен надоместок за 2020 и 2021 година

ПРАВНА ПОУКА:Против Решението на Градоначалникот на Општина Пробиштип може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап.

**Изготвил:Анкица Ѓеновска**
**Одобрил: Јованка Данева**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Драган Анастасов**

# Извод на промет и состојба на сметка

Број: 1

| ТС | Сметка | Назив на сметката | Депонент |
|---|---|---|---|
| )0000000063095 | 84015703231 | комунална такса за користење на просторот пред деловни | Народна банка на Република Македонија |

| Датум | Почетно салдо | Вкупно прилив | Вкупно одлив | Крајно салдо |
|---|---|---|---|---|
| 10/01/2020 | 0.00 | 4,400.00 | 4,400.00 | 0.00 |

| Сметка на налогопримач/ налогодавач | Назив на налогопримач/ налогодавач | Обр. | Износ одобрување | Износ задолжување | Даночен број | Повик на број на одобрување/ задолжување | Цел на дознаката |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| [illegible]<br>IБ Тутунска Банка АД Скопје | КУМИНИ ДООЕЛ ПРОБИШТИП | 50 | 4,400.00 | 0.00 | [illegible] | 84015703231 717131 00 | КОРИСТЕЊЕ НА ПРЕДПРОСТОР |
| 4015703231 717131 00 | | 79 | 0.00 | 4,400.00 | комунална такса за користење на просторот пред деловн | | |
| | ПРОБИШТИП | | 0.00 | 4,400.00 | | | |
| | Вкупно: | | 4,400.00 | 4,400.00 | | | |